# СЛУЧАЕН НАОД КАЈ ТРЕМНИК–НЕГОТИНО

Вредни артефакти случајно се пронајдени кај селото Тремник, Неготинско, што говори за уште едно вредно археолошко наоѓалиште на територијата на Република Македонија.





Златни монети со ликовите на Филип II и Александар III Македонски се дел од вредниот археолошки наод во Неготинско, но меѓу пронајдените предмети се и златната апликација со ликот на Посејдон, ситни копчиња од малависки тип со ѕвездести испапчувања, стотина алки, како и листести висулци за ѓердани.

Вкупната тежина на пронајдените предмети е околу 700 грама злато, но многу поважна е нивната специфична и исклучителна историска вредност.









Овие пронајдоци уште еднаш го потврдуваат историскиот континуитет на нашата почва, бидејќи во светски размери е повеќе од вредно да се пронајдат и поседуваат артефакти кои датираат од периодот четири века пред Христа.




Пронајдените предмети во моментов се конзервираат, а потоа ќе бидат предадени на чување во Музејот во Неготино, кој со пари од Министерството за култура, но и со странски донации се гради и се дотерува.












Во овој случај, Управата за заштита на културното наследство мора да ја истакне беспрекорната соработка со граѓаните кои пронајдените артефакти без никакво колебање ги пријавија во Музејот на град Неготино, и што е уште позначајно не бараа никакаков финансиски надомест за случајниот наод.